НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

# Јавен повик
# за аплицирање за учество на обука
# „Зајакнување на положбата на жените во руралните средини “

Македонската асоцијација на земјоделски задруги во партнерство со ИНФОЦЕНТЕР ЕООД од Р. Бугарија организира обука за јакнење на капацитетите на руралните жени, членки на земјоделски задруги за подобрување на нивните деловни, социјални, економски и финансиски вештини заради зголемена конкуретност на пазарот на трудот.

Обуката е финансирана од Европската Унија под акцијата КА122-ADU - Краткорочни проекти за мобилност на ученици и кадар во образование за возрасни преку Еразмус+ програмата.

Обуката опфаќа 6 дневна обука во Р. Бугарија во месец мај за 12 претставнички на земјоделски задруги од Р. Северна Македонија на теми кои се клучни за подигнувањето на свеста за родовите прашања, зајакнувањето на свеста за жените фармери како столбови на заедницата и поддршката на женското претприемништво. Обуката ќе даде можности за вклучување на жените фармери во македонскиот рурален развој и воспоставување на организирано влијание врз сите вклучени актери на регионално и национално ниво.

Трошоците за храна и сместување, обуката и превоз до местото на одржување во Р.Бугарија се покриени од програмата за што ќе биде доставен договор до учесниците. Информативни сесии за културна и јазична подготовка на учесниците во реализација на Македонската асоцијација на земјоделски задруги ќе претходат на обуката во втората половина од месец април 2022.  Право на учество имаат жени членки на земјоделски задруги кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да преставува земјоделска задруга која има регулирано обврски по основ на членарина кон МАЗЗ,
- Да претставува земјоделска задруга која покажува позитивни резултати и има активен придонес во развојот на задругарството во земјата,
- Да има завршено средно образование (повисок степен на образование од областа на земјоделството или менаџментот ќе се смета за предност),
- Познавање на англиски јазик (копија од сертификат доколку поседува) и познавање на работа со компјутер (копија од сертификат доколку поседува) ќе се смета за предност,

**Потребни документи за апликација:**

- Апликативен формулар,
- Мотивационо писмо до 500 зборови каде, пред се ќе се прикаже интересот за обуката и досегашната активност на апликантката .

Краен рок за пријавување е 08.04.2022 до 23:00 часот со праќање на горенаведените документи на е-маил: mazz@mazz.mk со наслов: Апликација за Еразмус+. Некомплетните апликации нема да бидат земени во предвид. Успешните апликантки ќе бидат известени преку е-маил најдоцна до 15.04.2022.

Со почит,

МАЗЗ

Erasmus+

МАЗЗ